*РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

01-04-7014
09.01.2024

Врз основа на член 20-г и член 20-д од Закон за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/19 и 14/20), член 23 став 4 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија“ број 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23) и член 11 од Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието на Република Северна Македонија бр.01-566/1 од 29.01.2021 година, број 01-4692/1 од 14.11.2022 година и број 01-4210/1 од 30.8.2023 година, генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија донесе

**ОДЛУКА**

**за избор на кандидати по Јавен оглас за вработување на 5 (пет) помошно-технички лица на неопределено време број 1/23 во Собранието на Република Северна Македонија**

I. Во врска со објавениот јавен оглас бр.1/2023 за вработување на 5 (пет) помошно-технички лица на неопределено време во Собранието на Република Северна Македонија се избираат следните лица и тоа:

- За работното место - Курир, ниво А3, шифра УПР 04 05 А03 001, во Сектор за административни работи, во Одделение за канцелариско и архивско работење – Писарница, 2 (два) извршители се избираат кандидатите **Валентина Огненоска** и **Емине Јашари.**
- За работното место - Работник за извршување на помошни работи, ниво А3, шифра УПР 04 05 А03 007, во Сектор за технички работи, во Одделение за инвестиционо и тековно одржување и општи работи, 2 (два) извршители, се избираат кандидатите **Александар Џуковски** и **Мевљан Мемедов**.
- За работното место - Возач, ниво А2, шифра УПР 04 03 А02 001, во Сектор за поддршка на генералниот секретар на Собранието, во Одделение за протоколарни работи, 1 (еден) извршител, се избира кандидатот **Слободан Стамевски**.

II. Именуваните ќе бидат вработени на работно место од точка 1 на оваа одлука, по конечноста на одлуката.

III. За избраните кандидати од точка I на оваа Одлука, ќе се донесе Решение за вработување и определување на плата на помошно-техничко лице.

IV. Донесената Одлука ќе биде објавена на веб страната на Собранието на Република Северна Македонија.

V. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Собранието на Република Северна Македонија објави јавен оглас бр.1/23 во дневните весници „Коха“, „Слободен печат“ и „Нова Македонија“, како и на веб страната на Собранието на Република Северна Македонија за вработување на 5 (пет) помошно-технички лица на неопределено време.

*РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Во врска со наведениот оглас, Комисијата за селекција на кандидати за вработување на 5 (пет) помошно-технички лица на неопределено време по јавен оглас бр.1/23, формирана со Решение бр.04-6624/1 од 21.12.2023 година, од страна на генералниот секретар на Собранието, по поднесените пријави на кандидатите ја спроведе постапката за селекција на кандидати за работните места, состави Записник од 1-Фаза административна селекција (проверка на комплетност на пријавата и доказите) бр.04-6624/2 од 29.12.2023 година и Записник од 2-Фаза (интервју) бр.04-70/1 од 3.1.2024 година и Финална ранг-листа бр.04-70/2 од 5.1.2024 година на кандидати од сите фази на селекцијата за работните места од точка 1 на оваа одлука.

По спроведената постапка за селекција за вработување, Комисијата до генералниот секретар на Собранието достави Финална ранг-листа на кандидати од сите фази на селекцијата и Предлог кандидати за вработување број 04-70/2 од 5.1.2024 година, врз основа на што генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од објавувањето на одлуката на веб страната и на огласната табла на Собранието на Република Северна Македонија.

**Доставено до:** Именуваните, Сектор за управување со човечки ресурси и Одделение за канцелариско и архивско работење-Писарница.

Изработил: Бојан Петрески
Контролирал: Александра Кокиновска
Одобрил: Дејан Мојсоски

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**
Цветанка Иванова